# УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ ВО МОДЕРНИ ТАНЦИ

## ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО И КУП

- **Спортската сала во која се организира натпреварот мора да ги исполнува следните услови:**

1. Спортска сала (задолжително со трибини) или театарска сцена;
2. Услови за доволен број места за гардероби (во зависност од клубовите кои се пријавени на натпреварот);
3. Посебен простор за судии
4. Простор за загревање на натпреварувачите (доколку нема дополнителен простор , а натпреварот се одвива во спортска сала, потребно е да има доволно простор од лева и десна страна покрај подиумот);
5. Здравствено хигиенски услови (чиста сала, тоалети и гардероби)
6. Редари и обезбедување , медицинско лице и нонстоп комуникација и покриеност на релација судии-обработка на податоци
7. Доколку има странски судии , да се обрне посебно внимание за нивниот престој во градот- домакин на Државното првенство , а се со цел подобрување на соработката на меѓународно ниво.
8. Судиите мора да имаат адекватни услови за работа
   **А)** најмалку 2 метри одалеченост од публика до судиските позиции
   **Б)** судиите да бидат заштитени од било какви вознемирувања од натпреварувачите , тренери или публиката,
   **В)** судиите во секој момент треба да имаат освежителни пијалоци, кафе , вода , овошје,
9. Паркинг простор доволно за минимум 100 возила
10. Ресторани и угостителски објетки во 200 метри радиус

- Клубот организатор мора да има подмирени годишни трошкови кон МАМТ-Скопје
- Клубот задолжително да испрати слики од салата во која ќе се одвива натпреварот
- Озвучувањето да биде квалитетно и адекватна чистина и квалитет на звук
- Осветлување е пожелно , но не е задолжително
- Освежувања и топли оброци за судии
- Знакот на МАМТ –Скопје да стои на видно место , како и натписот за државно првенство
- Соодветни знаци за ориентација на танчери, публика и судии (гаредоба , тоалет, патокази итн)
- Табли со имиња на клубовите за свечено дефиле , проследено со емитување на националната химна
- Знаме и химна на Р.Македонија
- Пригодни подароци (сувенир од градот домакин, благодарница и сл)
- Професионални Фотографии и видео

- НАГРАДИ:

1. Диплома за секој учесник во натпреварот во категоријата во која се натпреварува;
2. Дипломи и за клубовите (кореографиите) во категориите група, формации и продукции
3. Медали за сите натпреварувачи кои имаат освоено првите три места (соло, дуо, група , формација , продукција)
4. Пехари , само за првите места во групи продукции